РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF LABOR AND SOCIAL POLICY

од работен состанок на
членовите на Националното координативно тело за имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија
одржан на 26 јули 2019 година

Присутни:

Мабера Камбери / Нахида Зекирова/ Тања Крстевска – Министерство за труд и социјална политика (МТСП), Мерсиха Усеин - Кабинет на Министер без ресор, Национален координатор за имплементација на Стратегија на Ромите, Александра Вуковиќ - Секретаријат за европски прашања (СЕП), Арабела Иљаз/Сузана Шабановска – Министерство за образование и наука (МОН), Елвис Шакири - (НВО Ромалитико), Сузана Камческа – Министерство за транспорт и врски (МТВ), Марија Белевска Хаџи Василева - Министерство за финансии, (МФ), Кристина Лебариќ – Министерство за надворешни работи (МНР), Сузана Цековска - Министерство за внатрешни работи (МВР), Шенај Исмаили – Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во РСМ), Сенад Мемеди – Министерство за здравство (МЗ), Нафи Сарачини, Канцеларија на ЕУ Скопје, Елмаз Малиќи, Министерство за локална самоуправа (МЛС)

## Дневен ред

1. Информација за имплементација на активности во ресорните министерства во рамки на Стратегијата на Роми, во период мај – јули 2019 година
2. Информација по однос на Предлог текст на Закон за лицата без регулиран граѓански статус
3. Дискусија по однос на други прашања

По презентирањето и прифаќањето на точките од дневниот ред предвидени за работната средба од страна на присутните средбата започна со работа по предвидениот тек.

Од страна на претставникот на КМБР, се презентира по однос на одржаната работилница за примена и насоки за буџетирање, тековните активности по однос на спроведување на проектите за подобрување на основните ифраструктурни проблеми на ромската етничка заедница во повеќе општини.

Со одлука на Влада одобрено е мечување на средства со поддршка на Министерството за локална самоуправа преку активности поврзани со децентрализација, трансфери наменети за поддршка на имплементацијата на локалните акциски планови во единиците на локална самоуправа каде такви планови се усвоени. Се даде насока до институциите да се пополнат плановите за буџетирање и Извештајот за Јавни политики по однос на реализираните активности. Во октомври се планира ревидирање на новата Стратегија за Ромите.

До крај на 2019 година ќе се достави Информација на Влада по однос на реализираните активности и потрошени средства по општините.

Се планира на 11 септември да биде одржана Национална платформа која ќе биде основа за VIII Семинар за Роми на кој фокус ќе биде домувањето и вработувањето кој ќе се одржи на 19 септември.

Од страна на МОН се информира за тековните активности, поддршката на стипендирање за средношколците и студентите Роми, образовните медијатори се веќе средени законски и побарано е зголемување на буџетските средства за имплементација на активности во рамки на Стратегијата за Роми и поддршка на средното образование за учениците Роми.

Од страна на МЛС се информира по однос на доставената Информација на Влада по однос на инфраструктурните проекти во соработка со КМБР.

Во однос на буџетот за 2020 година, побарано е зголемување 10 милиони денари за спроведување на активности од ЛАП и 3 милиони денари за зајакнување на капацитетот на општините.

Од страна на МТВ се информира по однос на Информацијата и планираните активности наменети за инфраструктурни проекти за ромската заедница, кои треба да бидат распределени во 7 општини. Треба да се направи наменски план за трошење на средствата за 2020 година, во 9 - 10 општини.

По однос на домувањето распределени се социјални станови во 3 града (Кочани, М.Брод и Струмица).

Во рамки на МЗ активностите тековно се одвиваат, бројот на ромските здравствени медијатори изнесува 10, се планира до крајот на 2019 година, нивниот број да се зголеми.

Во рамки на активностите во канцеларијата на ЕУ во Скопје, во тек се реализира проектот за техничка помош на државните институции во соработка со Државниот завод за Статистика, пилот истражување за прибирање на податоци за лицата од социјално ранливи категории (метод според ЕУРОСТАД).

За идниот период се информира дека ќе бидат поддржани 2 грантови шеми (стипендирање во основното образование и поддршка во делот на домување во партнерство со општините за поддршка и усвојување на ДУП / ГУП, реновирање на домови и поддршка на индивидуални домови кои се легализирани – во Шуто Оризари, Виница и Велес).

Завршена е анализата на социјално мапирање во 14 општини за ромските заедници. Подготвена е и социјална мапа со детални податоци, документ кој континуирано ќе се ажурира со нови податоци. Ќе биде поставена на web страната на МТСП, по презентацијата која ќе се одржи на 29 јули 2019 година.

Во рамки на МТСП се информираше по однос на Законот за лицата без регулиран граѓански статус, поставен на енер во јуни 2019 година. Добиени забелешки само од 2 НВОи. Се очекува до крајот на 2019 година, да биде усвоен на Влада и Собрание. Со законот сите идентификувани 700 лица ќе добијат привремен извод и привремена небиометриска лична карта (плус децата родени во меѓувреме). Сите овие лица ќе бидат во посебен регистар а Управата за водење на матични книги има обврска да ја почне процедурата за нивно решавање. Управата ќе одреди идентификационен број за секое лице.

По однос на трансформацијата на РИЦи, до крај на месец јули 2019 година завршена е постапката во 4 општини (Куманово, Берово, Штип и Тетово).

По однос на социјалното домување / Хабитат и МТСП / изготвена прва работа верзија со насоки и решенија, презентирани на крај на мај 2019 година. Истражувањето ќе се прави во 3 пилот општини за утврдување на критериумите и се очекува до крај на септември да биде завршено и презентирано.

По однос на проектот за Реинтеграција на бегалците од страна на ЕПИ се подготвени насоки и предлози.

По однос на буџетот побарани во рамки на МТСП побарани се 14 милиони денари наменети за реализација на активности во рамки на Стратегијата за Роми. Се планира поддршка на ДНК анализи, промоција на Центрите за социјална работа, реновирање на куќите за лицата сместени во ЈУ Ранка Милановиќ. Исто така се планира реновирање на бараките во Чичино село и околу 10 семејства да бидат сместени таму. Се планира моделот од Визбегово да се проба и во Чичино село со семејства кои до Ранка ќе бидат сместени таму.

НВО Ромалитико / Извештајот во сенка за период од 6 месеци треба да биде финализиран до крај на септември 2019 година.

Од страна на Ромалитико одржана е средба со Премиерот на Република Северна Македонија. Меѓу другото разговарано е по однос на прашањето за РИЦи, здравствените медијатори, ребалансот на буџетот, новото министерство, управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците во МОН и други прашања за лобирање и застапување по однос на состојбата на Ромите. Договорена е дополнителна средба со Премиерот до крај на август 2019 година.

Заклучоци:

1. Согласно препораките и нсоките до институциите да се пополнат плановите за буџетирање и Извештајот за Јавни политики по однос на реализираните активности.

Изработил:

Нахида Зекирова

Одделение за имплементација на
Стратегијата за Роми